Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр 08-247/1
07-5-2026 год
Општина Аеродром-Скопје

## *Конкурс за избор на ученик – првенец на генерација за учебната 2025/2026 година*

## Општинско основно училиште „Ѓорѓија Пулевски“ – Аеродром, Скопје

Врз основа на член 75 став 3 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и Правилникот за видовите на пофалби и награди на учениците, комисијата за избор на првенец на генерација на учениците од ООУ„ Ѓорѓија Пулевски “– Аеродром, Скопје за учебната 2025/2026 година, распишува

# КОНКУРС

### за избор на ученик – првенец на генерација за учебната 2025/2026 година

Право на учество имаат ученици од деветто одделение кои ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат континуиран одличен успех
- да имаат континуирано примерно поведение
- да покажуваат примерен однос во училиштето и надвор од него
- да немаат изречени педагошки мерки
- да имаат учество и освоено место на училишни натпревари (интерни-училишни, општински, регионални, државни, меѓународни)
- да имаат освоено награди, дипломи, признанија,благодарници
- да имаат учество и освоено место на конкурси и спортски натпревари во име на училиштето

Предлог (номинација) за ученик на генерација може да даде одделенскиот раководител, предметен наставник, стручен соработник или самиот ученик.

Учениците кои ги исполнуваат горенаведените услови да се обратат кај класните раководители за дополнителни информации и помош при подготовка на документите.

**Потребните документи да се достават до педагошката служба секој работен ден од 09:00 -13:00 часот во период од 11- 29.05.2026година.**


Општинско основно училиште
„Ѓорѓија Пулевски “
Општина Аеродром, Скопје
Бул.Јане Сандански , бр.27 А,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
+389 2444-415
gpulevski@yahoo.com

**Документите да содржат :**

- **Пријава до комисијата**
- **Копии од свидетелства од VI до IX одделение**
- **Копии од дипломи, пофалници, благодарници и сл.**

Комисијата за пофалби и награди ќе ги разгледа пристигнатите документи и врз основа на критериумите од правилникот, изготвува бодовна листа на ученици според добиените бодови, ја доставува до Наставничкиот совет кој донесува одлука за прогласување на ученик – првенец на генерација.

Комисија за избор на ученик – првенец на генерација :
Мирјана Саздовска Стојановска – психолог
Марјан Јовановски – класен раководител
Слаѓана Настевска – класен раководител
Маја Серафимовска – класен раководител
Љубинка Стојановска – класен раководител

Директор
Ирина Николоска


Општинско основно училиште „Ѓорѓија Пулевски“ Општина Аеродром, Скопје
Бул.Јане Сандански , бр.27 А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2444-415
gpulevski@yahoo.com